## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба |
| Одговорно лице и контакт информации: | |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Мај 2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Мај 2018 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Мај 2018 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Со цел да се обезбеди професионален и ефикасен систем на судска служба, во 2014 година донесен е Закон за судска служба, во кој се уредени статусот и одредени статусни прашања, правата, обврските, одговорностите, како и системот на плати и надоместоци на плати на судските службеници. Законот истовремено значеше и усогласување со донесените Закон за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници.

Согласно Законот за административни службеници судските службеници имаат статус на административни службеници, кои поради специфичноста на работите кои ги извршуваат во својот материјален закон одредени постапки можат да уредат на поинаков начин од утврдениот во Законот за административните службеници.

Меѓутоа, имајќи ги предвид спецификите на работите и работните задачи што ги извршуваат вработените во судската администрација, примената на Законот за судска служба покажа и некои недостатоци кои се одразија на целосната примена на Законот.

Потешкотиите во спроведувањето на одредбите од Законот особено се однесуваат на постапките за вработување преку јавен оглас и унапредувањето на судските службеници преку интерен оглас. Исто така, увидени се одредени празнини и непрецизности, кои влијаат врз целосното спроведување на постапките за вработување и оценување на судските службеници.

Постапката за вработување, покрај своите предности во изборот на најдобриот кандидат, содржи и делови кои само ја усложнуваат постапката за селекција, како што е случајот со делот од испитот во кој преку тест за личност се врши проверката на соодветноста на кандидатот за работното место за кое аплицирал. Исто така, се покажа дека утврдените посебни услови што се однесуваат на поседување на меѓународно признати сертификати за познавање на на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски) и активно познавање на компјутерски програми за канцelариско работење не се гаранција за избор на најкомпетентните судски службеници.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Постапката за вработување содржи делови кои само ја усложнуваат постапката за селекција.

Утврдените посебни услови што се однесуваат на поседување на меѓународно признати сертификати за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски) и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење не се гаранција за избор на најкомпетентните судски службеници.

## 2. Цели на предлог регулативата

Надминување на потешкотиите во спроведувањето на одредбите од Законот за судска служба кои се однесуваат на постапките на вработување преку јавен оглас и унапредувањето на судските службеници преку интерен оглас.

Надминување на празнините и непрецизностите кои влијаат врз целосното спроведување на постапките за вработување и оценување на судските службеници.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку не се донесат предложените законски измени, потешкотиите во спроведување на одредбите од Законот за судска служба кои се однесуваат на постапките на вработување преку јавен оглас и унапредувањето на судските службеници преку интерен оглас, ќе продолжат и понатаму.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Регулаторна мерка: донесување на измени и дополнувања на Законот за судска служба

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

Позитивно влијание:

Се намалуваат трошоците за спроведување на одредбите кои ги уредуваат постапките за вработување и оценување на судските службеници.

Негативно влијание:

Нема

### *4.2 Фискални влијанија*

Позитивно влијание:

Не се предизвикаат фискални импликации, а се намалуваат трошоците за спроведување на одредбите кои ги уредуваат постапките за вработување и оценување на судските службеници.

Негативно влијание:

Нема

### *4.3 Социјални влијанија*

Посредно позитивно влијание:
Кое произлегува индиректно преку позитивното економско влијание.
Негативно влијание:
Нема

4.3 *Влијанија врз животната средина*
Посредно позитивно влијание:
Кое произлегува индиректно преку позитивното економско влијание.
Негативно влијание:
Нема.

4.5 *Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*
Нема.

*б)трошоци за почитување на регулативата*
Нема.

**5. Консултации**

5.1 *Засегнати страни и начин на вклучување*

Судските службеници и судовите.
Начин на вклучување: Претходно добиени предлози.

5.2 *Преглед на добиените и вградените мислења*
/

5.3 *Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*
/

**6. Заклучоци и препорачано решение**

6.1 *Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Решение „не прави ништо“: Доколку не донесат предложените законски измени, потешкотиите во спроведување на одредбите од Законот за судска служба кои се однесуваат на постапките на вработување преку јавен оглас и унапредувањето на судските службеници преку интерен оглас, ќе продолжат и понатаму. Ова решение предизвикува негативно економско влијание и предизвикува фискални импликации.

Опција: Регулаторна мерка: донесување на измени и дополнувања на Законот за судска служба

Позитивно економско и фискално влијание, со тоа што не се предизвикаат фискални импликации, а се намалуваат трошоците за спроведување на одредбите

кои ги уредуваат постапките за вработување и оценување на судските службеници.

Посредно позитивно социјално влијание, како и позитивно влијание врз животната средина, кои произлегуваат индиректно преку позитивното економско влијание.

Негативно влијание, како и административно влијание и трошоци за спроведување и почитување на регулативата, нема

Нема

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Решение „не прави ништо": Доколку не донесат предложените законски измени, потешкотиите во спроведување на одредбите од Законот за судска служба кои се однесуваат на постапките на вработување преку јавен оглас и унапредувањето на судските службеници преку интерен оглас, ќе продолжат и понатаму. Ова решение предизвикува негативно економско влијание и предизвикува фискални импликации.

Опција: Регулаторна мерка: донесување на измени и дополнувања на Законот за судска служба: Нема ризици.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Се препорачува решението

Регулаторна мерка: донесување на измени и дополнувања на Законот за судска служба.

Образложение:

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба е систематизиран во 23 членови.

Со член 1 од предложениот закон се врши дополнување на членот 9 од Законот за судска служба, при што се предвидува судскиот администратот, покрај на јавен оглас да може да биде избран и на интерен оглас.

Со членовите 2, 3 и 4 се врши изменување на членовите 10, 11 и 12 од Законот за судска служба во поглед на посебните работни компетенции за сите нивоа на раководни, стручни и помошно-стручни судски службеници, а кои се однесуваат на познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски) и познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Со членовите од 5 до 16 од предложениот закон се вршат измени во постапката за вработување преку јавен оглас. Измените се однесуваат на бројот на дневни весници во кои се објавува јавниот оглас составот на Комисијата за селекција за вработување кога се формира по исклучок, исклучување на делот од

постапкта во кој беше предвидено полагање тест за личност, поедноставување на самата постапка, објавувањето на резултатите и други прашања.

Со членовите 18 и 20 се врши исправка на технички грешки во основниот текст на Законот.

Со членот 19 се врши усогласување на Законот за судска служба со Законот за административни службеници во поглед на вреднувањето на делот на плата за степенот на образование кое го стекнал судскиот службеник.

Со членот 21 е уредена одложената примена на одредбите од членовите 2, 3, 4 и 12 од предложениот закон, со кој се менуваат одредбите од членовите 10 став (2) точка 4), член 11 став (2) точка 4), член 12 став (2) точка 4) и член 30 од Законот за судска служба, а кои се однесуваат на проверка на познаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски). А, сочленот 22 е утврдена обврска за судовите за усогласување на актите за систематизација на работните места.

Со членот 23 од предложениот закон е утврдено влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Не

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Подзаконски акти со кои се пропишуваат формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување.

Рок: Три месеци

### *7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Судовите во Република Македонија

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

/

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

**Изјава од државниот секретар**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:______________

...............................................
**потпис на државен секретар**